OKTIŠKI GLAS
ОКТИШКИ ГЛАС

Број 8
Јули 2015



Содржина

Колумна 3
Јас и само јас

Организираност 4
Треба да сме горди на Месџидот ЕЛ-Калем, КХД ОКТИСИ / 09 и фудбалскиот клуб ФЦ ОКТИСИ

Економија 6
Спонзорство

Културна ризница 7

Литературно творештво 8
Книга: "Спомени од моето детство" - Автор: Абас Цаноски

Сатира 9
Книга: "Октишки сатирикон" - Автор: Зубер Асаноски

Роман 11
Зошто е кул да си стар

Народна поетска ризница 13
Обредни и обичајни песни

ООУ : "Единство" с. Октиси 14

Полуматуранти 2014 / 2015 15

Лични творби на ученици од ООУ : "Единство" с. Октиси 16

Ликовни творби 17

Играње Online 18
Основна интернет безбедност за деца

Да се биде здрав 19

Да се остане здрав 20

Рецепти 22
Ѓомлезе

Актуелности 23
Заедно за Јасин
"Хуманитарна акција" во Октиси заедно со фондот "Зекат"
Асфалирање на патот Октиси - Белица
Зима 2014 / 2015
"Хуманитарна акција" - Графоскопи
"Фамилијарна скара" во Цофинген кантон Аргау (Хајтернплац)
Активност за жени
"Хуманитарна забава"
Вечера по повод Хиџриетска нова година
"Ворк - Шоп за идеи" во Штутгарт (Германија)
5та годишна конференција на иселеничките организации
"Стара Водејнца" - Октиси

Спорт 34
Октишанецот Бени "THE DOG" Османоски светски шампион во К-1
Лов
Риболов
ФК Октиси - Спорт
ФЦ Октиси - Санкт Маргретхен

КХД ОКТИСИ - Инфо 41

КХД ОКТИСИ - Контакт 42

Главен и одговорен редактор
Зубер Асаноски

Редакција
Емир Дервишоски
Мерлина Дервишоска
Армин Ибушоски

Техничка изработка
Армин Бахтијароски

JAC и само JAC

Најголемата наша школа е секојдневниот живот, кој го исполнуваме и осмислуваме со разноразни активности, недвосмислено укажува дека најголемата борба(џихад) за секој од нас е борбата со себе, со своето Его - JAC и само JAC. Бидејќи ако не сме во состојба него да го контролираме, тогаш самите излегуваме од контрола, при што последиците се страшни како за секој поединец така и за заедницата.

Нашето однесување во сите области од животот укажува дека сега за сега ја имаме изгубено битката против Егото. За ова зборува фактот неможноста да се вклучиме во животот соочувајќи се со разноразните искушенија. Па затоа во секојдневието сме сведоци на пореметување фамилијарните односи како и на односите помеѓу сите нас како во вертикала, хоризонтала, така и во дијагонала.

А како резултат на сето тоа постанати сме зависни од сите оние кои се соочуваат со животните искушениа, користејќи ги за свои потреби.Тоа Его постојано во секојдневниот живот не тера по никаков начин да не го цениме трудот, работата од другиот, а да ја преувеличуваме својата. Така изманипулирани не тера до таа граница да работите ги гледаме само „црно“ , и што е уште потрагично од „Пријателот да правиме Непријател“.

Типичен пример за ваквиот начин на однесување како од минатото така и денес се сите диктатори и нивни диктаторски системи. Тие за да опстанат на власт и управуваат измислуваа непријатели, заблудувајќи го својот народ до крајни граници. Сигурно вакво нешто нас не ни е потребно. Затоа треба да се освестиме и со една самокритика Егото да го имаме и ставиме под контрола како за добро на секој поединец така и за целата наша популација.

Реклама

Mob: +389 (0)70 212 231

Tel / Fax: +389 (0)46 782 939

E-mail: nedzo_komerc@yahoo.com

Организираност

Пензионери организирајте се !!!

Како што веруваме сè што се родило на овој свет ќе ја осети и смртта. Истото се однесува и за човекот како најразвиено живо суштество. За многу смртта настанува многу рано во првите денови,месеци или години од раѓањето. Сето тоа е во рамките на она што е одредено и смислата на животот.

Наспроти оние кои имаат краток овоземски живот имаме категорија на луѓе која доживува длабока старост. Тоа од еден аспект треба да се доживее како голема чест кога човекот ги поминува сите старосни периоди, а со тоа соочувајќи се со сите искушенија кој ги има во својот целокупен живот. Воедно тоа е и една голема обврска која човекот ја има како спрема себе така и спрема заедницата во целост.

Човекот како социјално и општествено суштество принуден е да живее во заедници и да го организира животот. Бидејќи само организираните заедници ги имаат сите предуслови за развиток во сите општествени свери.

Многу од нас живеејќи и работејќи во средини кој обезбедуваат солидни примања и разноразна социјала ја доживуваат староста. Таков е примерот со работењето во западноевропските земји како што се: Австрија, Германија, Швајцарија, ... каде не има најмногу.

Во овие држави со неколку дециниско работење се стекнуваат разноразни искуства од разноразни области. Овие искуства се потребни да се стават во интерес на нашата популација и нашето родно Октиси. Недвосмислено сум приврзаник на тоа дека ова старосна категорија која доживува пензија, а со тоа е економски независна од било кого може многу да придонесе за нашиот развој. Затоа овде апелирам до сите пензионери дека од примарно значење е организирање во една своја Пензионерска организација. Во која не само што ќе си го осмислуваат својот секојдневен живот туку ќе бидат од интерес за потребите на нашата популација.

Реклама

Tel / Fax: ++389 (0)46 540 970

Mob: ++389 (0)75 426 570
++389 (0)75 426 573

E-mail: keramiks_s@yahoo.com

Организираност

Треба да сме горди на Месџидот ЕЛ – КАЛЕМ, КХД ОКТИСИ/09 и фудбалскиот клуб ФЦ ОКТИСИ

Во самата природа на човекот, онака како што одредил нашиот Господар, е една од најголемите универзални благодети Организираноста. Неа ја гледаме во сите пори во универзумот. Ништо не може да егзистира само, сè е организирано.

Затоа не е ништо нелогично ако кај поединец или група на луѓе се појави желба за организирање. Таа е одредена и е во самата природа на човекот. Па затоа секој оној кој што сака на некој начин да се организира треба да му се помогне, а не да се зауставува и попречува по секаков начин. И што е најтрагично да се прогласува за непријател.

За жал спротивно на она што ни е одредено во нашата средина секое едно ново организирање го доживуваме како шок, нешто непотребно, вишок. Конкретно, најтипичен е примерот со нас октишаните во Швајцарија. Имено наместо да сме горди и среќни што имаме во моментов 3 организации: Месџид, Културно Хуманитарно Друштво и Фудбалски Клуб, напротив никако да се воспостави една заедничка работа. Едни се оптужуваат со други работејќи спротивно на интересите на нашата популација. Вакво едно сфаќање е многу контра продуктивно со многу штетни последици. Нема ништо поопасно за секој еден поединец а со тоа и за една цела популација која се спротиставува на една од најголемите благодети Организирањето во универзумот.

Сè додека не сфатиме дека погрешно размислуваме нема да се оди во еден прогрес.

Реклама

OBNOVA MEBEL

OBNOVA

SALON ZA MEBEL I BELA TEHNIKA

Salon Struga: 046 786 982 Salon Skopje: 02 3117 085 mob.070 278 536; 070 212 064 e-mail:obnova@hotmail.com

Економија

Спонзорство

Економијата е една приоритетна благодет која ни е неопходно потребна и без која не може да се опстане во секојдневниот живот. Нејзиното значење го сватиле уште првите луѓе и заедници. Истата се менувала историски и е различна од средина до средина. Во далечното историско минато таа била едноставна и се вршела трампа стока за стока. Со воведување на парата како платежно средство и економијата добила свои промени. И неспорно е дека мора да се менува во иднина.

Во овој денешен свет во кој живееме и ние октишани имаме или доминира пазарната економија. Ова економија е во голема зависност од понудата и побарувачката која постои на пазарот. Со ваква економија и во услови на овие системи во кои живееме некој остварува помали а некој поголеми заработувачки. Посебно со отворање на свои фирми се создаваат и некој услови за поголема заработувачка. Ваквата категорија на луѓе која има своја фирма со зголемување на профитот остварува поголеми резерви на капитал.

Во овој свет во кој и ние живееме гледаме дека многу фирми се јавуваат како спонзори на разноразни хуманитарни, културни, спортски и многу други организации и разноразни манифестации. На овој начин се остварува тројна корист;

1. Фирмата се рекламира себеси
2. Помага друга организација која е непрофитабилна а е во интерес на народот и
3. Се чисти од тугиот ак кој го има многу во тој стекнат капитал.

Сите сме свесни декасо ваква економија што ја имаме невозможно е капиталот да се стекнува поштено и све да биде чисто. Затоа многу е битно секој еден вишок да се чисти и преку спонзорство.

За жал во наша средина ова пракса многу ретко ја има или воопшто ја нема. И мислам дека треба да се менуваме. Зошто ако сме имале и имаме можност за отворање фирма а со тоа и зголемување на капиталот, треба да покажиме и срце дека сме во можност и да спонзорираме наши непрофитабилни организации кои се ставаат во интерес на народот.

Реклама

Од горе лево: Нафис Алушески, Гулицоски Љубе, Зоран Ашталкоски, Блажески Блаже, Муратоски Рефик, Гулицоски Аврам, Богдан од Белчишта, Ибушоски Нафис, Рамаданоски Алија, Сеулејманоски Фејзула, Шикоски Ламбе, Цаноски Селман, Ашталкоски Даме, Калчиноски Даут, Од долу десно: Дервишоски Текија, Бизатоски Азис, Кукоски Венко, Мавмудоски Мавмуд, Сулејманоски Невзат, Азисоски Субија, Насте Липоски, Цаноски Сејдин и Зекироски Асан

Литературно творештво

Книга: “Спомени од моето детство” – Автор: Абас Цаноски

Информбирото

Новата училишна зграда се пушти во употреба 1948 година. Наставата почна да се одвива во нормални и подобрени услови, со нови училници и пригоден мебел. Се разбира неизбежен декор во секоја училница беа сликите на Сталин, Тито и Лазар Колишевски. Нивните врамени портрети се наогаа на централниот зид, веднаш над школската табла, директно пред очите на учениците.

Во тоа време во селото, а и пошироко, немаше никакви информативни гласила ; ниту печатени медиуми, ниту радио....ништо од што би можеле да се следат настаните во земјата и светот.

Тој ден ние учениците си дојдовме на редовна настава во училиштето во одреденото време. Се построивме пред зградата, секој во својот клас и така, на знак на звончето во рацете на служителот Стојан Мартиноски, влегувавме секој во својата училница и седнувавме на своите места, пред своите училишни клупи. Со самото влегување во ходникот, погледот ми го привлече самиот агол на училницата каде имаше работи собрани на куп кои ги немаше предходните денови. Исто така, не малку се изненадив кога веднаш забележав дека на зидот го нема портретот на Сталин.

Со нетрпение чекав да влезе учителот, мислам дека беше Драгољуб Пренто ски, сигнализирајќи му дека ја нема сликата на другарот Сталин.

Тој, со прстот на устата и едно « пссссст“, ми даде знак да замолчам и да не прашувам повеќе. Сепак, мене, а и на многу други мои другари, а верувам и возрасни, не им беше јасно симнувањето на сликата на Сталин.

По ден-два од тој настан тогашните власти организираа народен митинг во село Вевчани. На овој собир, покрај вевчанци, беа надојдени селани од сите околни села : од Октиси, Подгорци, Лабуништа, Боровец и други. Митингот се одржа на средсело, а на него присуствуваа двајца цивили и еден униформиран говорник, а тоа беше Ирфан Дика, командант на зоната. Добро се сеќавам дека тие се искачија на балконот на една зграда, кој и денес постои. Исто така во свежо сеќавање ми се поздравните зборови на Ирфан Дика, кој не познавајќи го најдобро македонскиот јазик, меѓу другото на присутните им се обрати со зборовите :

-Енвер Оџа ќе јади со дрвен лајца, а ние со челичен !

Толку за овој настан кој, заради тоа што бев млад, сакав да ве потсетам бидејќи за мене преставуваше вистинско доживување.

Сатира

Книга: “ Октишки сатирикон ” – Автор: Зубер Асаноски

Македонија - постанокот на нејзиното име

Како што е општо познато, човекот е општествено суштество, односно уште од најстари времиња животот го организирал во заедници. Една од најосновните заедници е бракот со кој се одржува репродукцијата на човековиот вид.

Меѓутоа, и бракот е една специфична заедница поврзана со разноразни сценарија. Многу бракови се одвиваат во хармонија, но, исто така, многу, за жал, завршуваат и трагично, односно многу бракови се растураат како резултат на разноразни фактори. Многу бракови се растураат како резултат на една несреќна околност, а тоа е смрта на еден од брачните другари. Во ваков случај многу е тешко за децата кои, како сирачиња, не се прибрани од никого.

За жал, изгледа во вакви едни околности настанало името на нашата држава – Македонија. Еве ја мојата приказна за тоа.

Многу одамна како млади се заљубиле едно момче и една девојка, кои својата љубов ја крунисале со брак. Биле многу среќни и радосни што, ете, среќата ги послужила да бидат заедно. Таа љубов уште повеќе се зголемила кога жената останала бремена. Но, бременоста била пропратена со големи тешкотии. И покрај големата помош од мажот и добриот соживот, жената едвај ја поднесувала бременоста.

Во едни такви тешки моменти ќе доживее уште еден голем удар и трагедија. Бидејќи живееле во несигурни времиња, мажот загинал во борба.

Загубата на својот маж, во услови на тешка бременост, бил голем удар за неа, а воедно тоа било голема причина што жената се породила порано, во седмиот месец од бременоста.На светот стигнала убава ќерка. Поради сите тешкотии што ги имала во бременоста и со смрта на мажот, на малечкото предвреме родено девојче му дала име – Македонија, што значи – со мака, за мака родена, дојдена. Мајката, како вистинска мајка, многу ја чувала и сакала малата ќерка која, ете, за жал, уште неродена станала сиракпосмарок, без татко.

Меѓутоа, тогашните времиња не биле сигурни и на самата мајка не и преостанало ништо друго ами да се премажи. Во вториот брак ги родила ќерките : Грција, Бугарија и Србија. Па така, заедно со Македонија, се сториле четири ќерки.

Така започнале и големите проблеми. Имено, трите ќерки ништо живо не ја сакале, поточно можам да речам многу ја мрзеле најстарата присестра, сиракот – посмарок Македонија. На нивната голема неслога ибрет земал народот. Ништо не вредело што најстарата ќерка била многу мирна и вредна.

Домашните се чуделе што да прават и, за да можат малку барем да ги смират, ги ставиле во карантин – под Римска Империја, под Византиска Империја и Турска Империја. И навистина, кога биле во овие карантини, многу добро се сложувале.

Но, како последица на многуте години поминати во карантин, им здодеало и почнале да излегуваат од него.

Сатира

Прво излегла Србија, па Бугарија, па Грција. Само најголемата и најмирната си останала се уште во карантин – во турското царство. Меѓутоа, занесена од фактот за подобар и самостоен живот и Македонија почнала да се буни и кревала некој востанија. На крајот, во 1912 година, на прв поглед потпомогната од своите сестри успеала да излезе од карантинот.

Македонија си мислела дека конечно се спасила од то повеќевековен карантин. Но, сето тоа ќе се покаже дека било само една голема илузија и лага. Затоа што набргу започнуваат нејзините проблеми. Другите сестри, без страв и намус, започнале да и ја одземаат целата земја што и се следувала од наследството и да ја приграбуваат меѓу себе.

Попусти биле жалањата до своите сестри
-Сестрици мили, оставете нешто и за мене, и јас сум ви сестра од иста мајка. Знаете јас сум сирак-посмарок. Смилувајте се барем малку. Кога вие ме грабете, што ќе речиме за соседите.

Ништо тоа не вредело и во 1913 година и ја зеле целата земја и ја поделиле меѓу себе. Но, туѓото си е туѓо, сега тие се скарале меѓу себе околу поделбата.

Едната викала : -Ти зеде поголем дел!
Другата : -Ти зеде поголем дел!

Покрај тоа што и била распарчена земјата на Македонија, една сестра ја клеветела дека е србоманка, другата дека е бугароманка а третата дека е гркоманка. Така, после повеќевековниот карантин, каде барем го употребувала својот мајчин јазик, започнал еден тежок живот за Македонија предизвикан од алчноста на нејзините сестри.

За кусо време, пак навидум, се подобри ситуацијата кога дојде до здружување на само двете сестри, Македонија и Србија, со сестрите од другите стриковци, во Титова Југославија. Тоа здружување не траеше долго, но сепак беше доста корисно за Македонија, која напредуваше на сите полиња и им докажа дека е нешто посебно.

Меѓутоа, и после разделбата, денес, кога започна патот на самостојноста, проблемите со нејзините сестри не престануваат. Иако е најстара, сестрите не го признаваат нејзиниот идентитет. Така, една од сестрите, Грција, и го оспорува името; втората, Србија, и ја оспорува црквата; третата, Бугарија идентитетот и така во бескрај.

Кога својот, блискиот не те сака, што преостанува за другиот.



Зошто е кул да си стар

Дали зборот стар е соодветен? Дали да го користам тој збор доколку сакам да кажам за некој дека е во периодот од својот живот кога може да најде мир, да се присеќава на моментите изминати во текот на својот живот, да се гордее на работите што ги направил додека бил моќен, силен, полн со енергија.?

Седеше на својата фотеља, до каминот и гледаше во пламенот замислено. Одеднаш од неговата лева страна се појави неговиот внук, го прегрна. Момчето беше на четиринаесет годишна возраст, со сини очи,црна коса,може да се каже дека беше во пубертетскиот период. Кога го гледаше него како да се гледаше себеси. Момчето се викаше Силвио, го носеше неговото име. Еднаш неделно доаѓаше кај својот дедо, а тој му раскажуваше приказни. Денешната приказна беше:

„ Беше попладне, топло време. Сонцето зрачеше толку сјајно како никогаш до тогаш. Се возев во гондола во Canal Grande. Гондолиерот беше облечен во традиционален костим. Му реков да застане кај базиликата San Marco, сакав да се помолам. Гондолиерот запре, а јас и мојот пријател Франческо се симнавме. Околку црквата се врткаа секакви луѓе. Некои влегуваа, некои излегуваа. Застанавме на едно место за да гледаме, и се восхитуваме на тоа што го гледавме. Глетката беше прекрасна. Да се гледа како луѓето го бараат Господ. Во еден момент се појави и една девојка, која беше многу поразлична од сите останати. Вниманието ми го одвлече нејзината црвена коса, која на сонцето сјаеше како оган. Нејзините зелени очи и даваа таков поглед што кај никоја дотогаш го немав видено. Гопрашав Франческо како се вика? Тој ми кажа дека се вика Јулија. Јулија... Колку убаво само звучи. Тој ден ја следев до нејзината куќа. Дознав каде живее. Следниот ден и пратив писмо:

Драга Јулија,

Уште од моментот кога те здогледав се заљубив во тебе. Таа твоја црвена коса и тие твои зелени очи би го маѓепсале секој маж. Би сакал да те видам уште еднаш, но овој пат поблиску. Те молам да дојдеш попладне кај Canal Grande. Ќе те чекам во гондола, кога ќе те здогледам, јас ќе ти довикнам.

Те очекувам, Силвио

Писмото и го пратив по едно момче на кое му дадов 10 лири. Со нетрпение очекував да дојде моментот кога ќе се видиме. Чекав надежно во гондолата, и во еден момент ја видов како доаѓа. Со главата се врткаше наоколу како да бара некого. И довикнав, а таа нагло се заврти и ме погледна со најубавите очи. Се доближи до гондолата и ми рече: - Што сакаш од мене и кој си ? И реков: - Те молам седни, сакам само да разговараме и да се запознаеме подобро, секако ако сакаш ти. После неколку негодувања се согласи, влезе во гондолата и седна до мене. Гледаше во мене со поглед кој очекува да кажам нешто. Почнав да и зборувам, гласот ми беше поинаков од обично. Таа само се на тоа што и го кажував и по некое време и таа почна да зборува. И беше добро во мое друштво, тоа го забележав, иако не ме знаеше доволно добро. Мораше да си замине и тој прекрасен момент да прекине за миг. После таа средба се видовме уште неколку пати. И најпосле после толку време ми кажа дека ме сака, и од тој момент станавме едно. Се беше толку убаво, толку волшебно. Еден ден решив да и приредам изненадување со кое ќе ја запросам. Ја однеов во мојот стан, моето изненадување и се допадна, многу се израдува. Седеше пред огледалото во спалната и се гледаше...“

Роман

Силвио прекина со својата приказна, и продолжи да се присеќава во себе.

„ Застана зад неа, спуштајќи и ги рацете на раменициte, погледна во нејзините очи во одразот на огледалото. Таа не изгледаше уплашено, ниту изненадено. „Стани и сврти се“ и прошепоти со зарипнат глас. Ги помилува нејзините раменици со дланките. Беше мека и заоблена, полна и топла. Фустанот што го носеше ги следеше линиите на нејзиното тело. Го фати предниот дел на фустанот, го раскина попречно и и го извлече преку раменицite. „ Совршена си“ и прошепоти. И го бакна вратот, раменицite, градите. Фрли поглед на одразот на огледалото. Таа не се мрдаше. Ја подигна и ја спушти на работ од креветот. Го чекаше овој миг толку долго. Го посматраше како ги соблекува алиштата. Сепак, не се ни помрдна, ниту проговори. Се спушти врз неа, ја бакна во плитката вдлабнатина на вратот, го вдиша благиот мирис на нејзината коса,и почна да...“

„ Дедо зошто прекина со раскажувањето? Што се случи после изненадувањето? “
„Ја побарав за жена, и таа денес ти е баба.“

Мерлина Дервишоска

Реклама

Euro Bus
me ne nëpër europë



Switzerland: 0043 664 524 1051 | Austria: 0043 664 301 44 16 | Germany: 0049 173 941 03 24
www.eurobus.mk info@eurobus.mk

Обредни и обичајни песни

По брег одам, ej мори, брег се рони

По брег одам, ej мори, брег се рони,
падвej, моме, ej мори, да не паднеш!

Ако паднам, ej мори, да не станам,
пошт дojдоja, ej мори, три стројници,
три стројници, ej мори, од три села!

На ниеден, ej мори, збор не дадов,
збор не дадов, ej мори, збор не зедов!

На Асана, ej мори, збор му дадов,
збор му дадов, ej мори, збор му зедов!

Че те земам, ej мори, не т` оставам,
ќе ти редам, ej мори, ej мори, ред алтани,
ред алтани, ej мори, за на грло!

Испеале: Емина Салиеска и Емина Демишоска од село Лабуништа 1985 година.

Фрли јаболко медено по теја поле стребрено

Фрли јаболко медено по теја поле стребрено.
Удри портите девојки, на порти бабај седеше.

На порти бабај седеше, момата си ја чуваше.
Кољку ја бабај дочува, две тољку момче украде.

На порти мајка седеше, момата си ја чуваше.
Кољку ја мајка дочува, две тољку момче украде.

На порти браќа седеје, момата ми ја чувае.
Кољку ви браќа дочува, две тољку момче украде.

Песната ја испеала Аџерка Шаиноска од с. Лабуништа во 1989 година.

Реклама

ООУ "Единство" с. Октиси

Нашето училиште е Општинско Основно Училиште (ООУ) „Единство" с.Октиси општина Струга – Р.Македонија. ООУ „Единство" с.Октиси е развиено основно деветгодишно училиште од I-IX одделение со подрачно училиште во д.Белица од I-IX одделение.

Нашето училиште во Октиси како и подрачното училиште во д.Белица се школуваат вкупно 324 ученици од I-IX одделение и вкупно 31 паралелка. Во учебната година 2014/2015 год.во Октиси се школуваат 255 ученици со настава на Македонски и Албански наставен јазик, а во ПОУ „7Март" д.Белица се школуват вкупно 69 ученици со настава на албански наставен наставен јазик. Во месец Мај беше направено и упис за првачиња ,вкупниот број во списокот во Октиси и Белица броеше 89 ученици кои требаше да се запишат во прво одделение за учебната 2015/2016 год. Но се запишаа само 30 првачиња што значи 1/3 (една третина). Бројот на учениците од 2000 година до денес се намалува поради тоа што родителите повеќето работаат во западно Европските земји за подобра егзистенција.Има појава на дел на ученици да го продолжат образованието во странство, а помал дел се враќаат во родниот крај.

На ниво на Централно училиште имаме вкупно вработени 51, од нив има професори , наставници и друг помошен персонал.

Училишната зграда во Октиси ги задоволува условите за работа,скоро сите училници се снабдени со компјутери.Училиштето покрај училници и помошни простории има спортски полигон,парк и сала по физичко која сме во план да ја модернизираме за поквалитетна настава по физичко образование .Нашето училиште работи во две смени.

Иако работиме во отежнати состојби сепак постигнуваме резултати.Учениците имаат постигнато видливи резултати по: Литературни настапи и го афирмираа нашето училиште во Р.Македонија и надвор од државата со усвоени I,II и III место и добиле признанија , пофалби и дипломи.

Од областа на физичкото и здравственото образование учениците имаат екипно освоено I (прво) место на ниво на натпревар по спортски активности помеѓу сите училишта во Општина Струга и II (второ) место на натпревари на ниво на републички региони.

Исто така нашето училиште е вклучено во повеќе културни, образовни, еколошки и хуманитарни проекти. Учениците во учебната 2014/2015 год.кои завршија полуматура и ќе го продолжат средното образование го изготвија и ова табло.

Со Почит кон сите вас!
Директор : Алил Рочи

Полуматуранти 2014/2015

Лични творби на ученици од ООУ “ Единство ” с. Октиси

Моето училиште - мој дом

Моето училиште „Единство"се вика
и неговото име блеска како на слика.
Во него- дом израснавме и
паметни пораснавме.

На почетокот се беше како во бајка
но сега сите сме како од една мајка.
Другарството е како во една рака
која нема никаква мака.

Останува како спомен во нас
со тоа и нашиот клас
.Секогаш весел глас
така почнува секој час.

Се е како во детски сон
секогаш се слуша училишен звон.
Еден до друг седиме и
убави оцени редиме.

Автор: Ремзије Калчиноска

Струга и езерото

Секој ден одам во Струга,
во Струга, како која нема друга.
Сонце сјае, галеби со вресок,
децата изморени легнати во песок.

Дрим и езерото полни со чиста вода,
за таа благодет, фала му на Бога.
Поетот искрен, стихови чита,
повелете, луѓе, Струга ве вика.

Автор: Максуд Ибушоски

Моето Октиси

Октиси е мојот роден крај
со златен прекриен сјај.
Му шепотам тивко и милно:
Те љубам бескрајно,силно!

Убав е мојот крај
вистински небесен рај
реки и езера бистри
планини и долини чисти.

Сонцето на небо светка
суницата во разни бои
силно и шарено блеска.
Те носам во прегратки мои!

Автор: Мухамед Шајноски

Реклама

Ликовни творби

Мартина Иваноска IX²

Разија Усоска VIII²

Леонора Велкоска VIII

Ниса Авмедоска VI¹

Алмина Калчиноска VI²

Илхана Дервишоска IX

Играње online

Основна интернет безбедност за деца

Играњето online, често, вклучува интеракција со други компјутери и вистински играчи. За децата е забавно да се поврзуваат со другите, но за нив е важно да избегнат објавување нивни слики или давање туѓи информации на нивните соиграчи. Тие, исто така, треба да знаат што треба да прават ако друг играч почне да ги малтретира. Еве две листи со совети, едната за родители и едната за деца.

Совети за играње за родители

- Дајте им на знаење на Вашите деца дека можат да ви се обратат ако се чувствуваат непријатно додека играат некоја игра.
- Не дозволувајте корисничкото име на Вашето дете да го издава неговото име, локација, пол, возраст или други лични информации.
- Ограничете им го времето за играње игри.
- Прочитајте ги и разберете ги правилата на игрите кои ги играат Вашите деца.
- Чувајте го компјутерот на доглед за да можете да ја набљудувате online активноста на Вашето дете.
- Дајте им на знаење на Вашите деца дека не треба да испраќаат материјали на соиграчите кои содржат приватни информации или податоци.
- Користете вградени софтвери за родителска контрола во веб пребарувачите.
- Не им дозволувајте на Вашите деца да симнуваат без Ваша дозвола.
- Вашите деца ќе користат компјутери и играчки конзоли и на училиште и кај пријателите. Ако разговарате со Вашите деца во врска со ризиците и правилно расудување, тие ќе можат многу повеќе да извлечат од Интернетот.

Совети за играње за деца и тинејџери

- Користете силни лозинки на Вашите сметки за играње. Вашата лозинка треба да има најмалку осум знаци и да се состои од букви, броеви и симболи.
- Ако друг играч прави да се чувствувате неудобно, обратете се кај возрасен на кого му верувате.
- Научете како да блокирате или пријавите друг играч ако прави да се чувствувате непријатно. Чувајте копија од она што го кажал играчот но не навлегувајте во разговорот.
- Никогаш не го откривајте Вашето вистинско име, локација, пол, возраст и други лични информации.
- Користете аватар а не вистинска слика од Вас.
- Не користете веб камера кога играте online.
- Ставете си ограничување колку време ќе играте.
- Не прифаќајте симнување на датотеки од непознати испраќачи.
- Не испраќајте материјали до соиграчите кои содржат лични податоци и информации.
- Не се состанувајте лично со непознати од светот на игрите. Луѓето не се секогаш оние кои велат дека се.
- Познавајте ги ризиците и практикувајте правилно расудување.

Да се биде здрав

Да се биде здрав значи повеќе од само тоа да не се биде болен. Да се биде здрав значи, физички, душевно и социјално да се чувствуваме добро. Со своето секојдневно однесување можеме многу да придонесеме во унапредувањето на сопственото здравје. На следните страници се наоѓаат важни препораки врз чија основа жените и мажите можат да го унапредат и сочуваат своето здравје и здравјето на децата:

1. ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ

·На кој начин најмногу се движам?
·Колку време во денот одам пешки? Ги користам ли скалите или почесто лифтот?
·Дали спортувам?
·Каде можат моите деца да се движат и да трчаат?
·Колку пати во корист на здравјето се одрекувам од возењето автомобил ?
·Дали понекогаш, преку викенд, одиме во природа на место каде децата можат да се искачуваат?



За да останеме здрави потребна ни е редовна физичка активност. Шетање, велосипед,одење по скали и гимнастика не се важни само за децата туку и за нас возрасните. Треба секојдневно, најмалку пола час забрзано да дишеме и да го разработиме пулсот. Децата имаат голема потреба за движење и тоа им прави големо задоволство. Добро е да научат дека движењето е дел од секојдневието.

2. ЗАДОВОЛСТВО И СТАБИЛНОСТ

·Задоволство, какво е тоа чувство?
·Што ми дава чувство на задоволство?
·Што можам да направам при незадоволство, нестабилност и вознемиреност?
·Што ми помага повторно да воспоставам рамнотежа во себе?

Нашата внатрешна снага како што се задовослтвото и стабилноста ни помагаат да се соочиме со животните потешкотии. Надворешните околности влијаат на нашето задоволство и стабилност. Ако очекуваме за нашето задоволство да се грижат другите, стануваме зависни од нив.

3. ЗДРАВА ИСХРАНА

·Како уживам во храната?
·Колку често дома јадеме овошје и зеленчук? Пиеме ли доволно вода и незасладени чаеви?
·Што можат моите деца да доручкуваат за да можат да се сконцентрираат во школо?
·Колку пати јадеме заеднички, фамилијарно?
·Дали ги исклучуваме телевизорот и мобилниот телефон за да можеме во текот на јадењето без пречки да разговараме?

Да се храниме здраво значи повеќе од да се биде само сит. Балансирана исхрана му помага на нашето тело да остане здраво. Посебно е важно секојдневно да јадеме овошје и зеленчук и да пиеме многу незасладени пијалоци. Премногу мрсна храна и слатки пијалоци му наштетуваат на нашето тело. Но не е важно само што јадеме, под правилна исхрана се подразбира и опуштена фамилијарна атмосфера на трпезата. И децата исто така мора да се учат да се хранат здраво. За тоа им е потребна поддршка и пример од своите родители.

Да се остане здрав

1. ЗАДОВОЛСТВО СО СОПСТВЕНИОТ ИЗГЛЕД

- Што ми се допаѓа на мене?
- Што е за мене убавина?
- Дали понекогаш се насмевнувам кога се гледам во огледало?
- Дали го негувам своето тело?

Убавината и сјајот на една личност се поврзани многу повеќе со нејзината личност отколку со надворешниот изглед. Кога некој е задоволен со сопствениот изглед и другите луѓе ќе го сметаат за убав.

2. ПРИПАДНОСТ НА ЕДНО СЕМЕЈСТВО

- Што ми е важно во семејството?
- Можеме ли да се сослушаме, разбереме или почитуваме?
- Колку пати преземаме нешто заеднички?
- Што да променам во семејството за подобро да се чувствуваме?

Семејството може да ни пружи чувство на безбедност и сигурност. Било големо или мало семејство, секој член во него е личност за себе. За добар семеен живот потребно е разбирање и почитување. Личностите кои ми се драги и со кои се дружам за мене можат да бидат семејство.

3. ПРИЈАТЕЛСТВО

- Постои ли личност надвор од моето семејство во која имам доверба?
- Како можам подобро да ја запознаам мојата соседка?
- Како да пронајдам пријателка?
- Што е важно во пријателството?
- Што можам да направам за да потрае едно пријателство?

И надвор од семејството ни се потребни личности со кои со задоволство се дружиме, на кои им веруваме, со кои се смееме и кои не тешат кога сме загрижени. За добро дружење не се секогаш потребни зборови. Разбирање е возможно и со насмевка или знак на внимание.

4. НЕГА НА ЗАБИТЕ

- Како децата да сфатат, после секој оброк да ги мијат забите?
- Кој може да ми покаже, како на новороденчето да му ги мијам забите?
- Како ги негувам своите заби?
- Пиеме дома вода или засладени пијалоци? Јадеме ли слатки?
- Какви ужини и пијалоци, кои не се штетни за забите, постојат за децата?

Уште со првиот заб кај новороденчето почнува негата на забите. Постојаното цицање од шише и шеќер во шишето, му штети на здравјето на детето и води до брзо расипување на забите. Малите деца треба најмалку еднаш на ден да ги мијат забите. Децата треба да учат дека миењето на забите по секој оброк е дел од секојдневието. Тоа не важи само за децата туку и за младите и за возрасните.

Да се остане здрав

5. БОЛКА ВО РАМЕНАТА

- Како носам товар?
- Ја менувам ли свесно положбата на телото од време на време при подолго седење или повремено станувам на кратко?
- Можам ли во текот на денот да ги растеретам раменатa?
- Дали знам вежби за опуштање?
- Носам ли удобни обувки?

Еден од најраспростанетите телесни проблеми во модерното друштво е болката во раменатa. Најважното правило за да ја спречиме болката во раменатa е да бидеме активни и да се движиме. Важно е при физички напорна работа да внимаваме на правилната положба на телото. Ако се наведнеме за да подигнеме тежок товар а горниот дел од телото ни е исправен и го приближиме товарот кон телото, ќе ги сочуваме раменатa. Тоа правило важи и при пазарење, и во домаќинството и со децата. При повеќе часовното седење или стоење, понекогаш помагаат и вежби за опуштање. Психичка напнатост може исто така да предизвика болки во раменатa.

6. ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

- Како во семејството одлучуваме за што ќе потрошиме пари?
- Како да ги научам децата да внимателно располагаат со парите?
- Дали моите деца добиваат неделно или месечно џепарлак или секогаш ме молат за пари?
- Имам ли сума на пари со кои можам слободно да располагам?

Во денешно време парите се сè почесто мерка за среќа. Си замислуваме дека доколку би си можеле да купиме ова или она би биле среќни. Но колку долго трае оваа среќа која сакаме да ја купиме. Што е навистин аважно во животот? Парите не се се. Но сите сме среќни кога имаме за основните потреби. Кога немаме доволно пари можеме да добиеме помош од општината или од советувалиштето за планирање на месечниот буџет. Децата и младите кои растат во модерните друштва секојдневно се под влијание на конзумирањето. Со наша поддршка и пример учат кои се приоритетите и да ги почитуваат ограничувањата.

Реклама

Рецепти

Ѓомлезе

Состојки

2 кг брашно
500 мл... вода (по потреба)
3- 4 лажици сол
500 мл масло

2 кг брашно ги раствораме со вода по потреба и правиме каша. Иста во густина како за палачинки.

Во кашата додаваме и сол по потреба во зависност од вкусот.

Откако ке ја измешаме кашата го палиме огнот, исклучиво со трески, а не дрва. Исто така на пирустија ја ставаме тепсијата во која ќе го правиме ѓомлезето и ја оставаме малку да се загрее. На огнот веќе го топлиме едниот сач (вршник) кој од горе е посипан со пепел. Штом се затопли тепсијата прво ја попрскуваме со масло, па ставаме една мера од кашата и ја покриваме со затопленият сач, а веќе вториот сач го ставаме на огнот да се топли за наизменично да ги користиме.

По неколку минути откако ке се потпечи првата кора, ставаме пак од кашата и попрскуваме со масло. Потоа го ставаме затопленият сач и чекаме повторно неколку минути за да се потпечи кората и оваа постапка ја повторуваме се додека не ја потрошиме кашата, т.е додека не се наполни тепсијата.

Откако ке ја потрошиме цела каша го сечеме ѓомлезето,и повторно го покриваме со затоплен сач, ама сега на сачот и под тепсијата ставаме жар од огнот и оставаме така се пече 40-на минути.

Заедно за Јасин

Јасин е слатко мало детенце кое што својот прв роденден го прослави во февруари. Ова малечко сонце константно им го разведрува животот на своите родители и роднини мамејќи им насмевки, радост и гордост.

Негова омилена храна се чоколадите а она во што најмногу ужива е да си игра со своето поголемо братче.

Но сепак Јасин не е како другите деца на негова возраст. Неговата моментална состојба не му дозволува да го живее својот детски живот во потполност. За да ги почуствува сите убавини на на дестсвото, за да продолжи да си игра со својот миленик, постарото братче, на Јасин му е потребна трансплантација на коскената срж од страна на компатибилен донатор.

Јасин има состојба на имунолошки дефект и досега, за жал, сеуште не е пронајден компатибилен донатор.

Затоа се апелира до сите хумани луѓе да се зачленат во регистарот за потенцијални донатори при Институтот за имунолошки испитувања и да помогнеме во спасувањето на овој млад живот.

Сите кои сакаат да му помогнат на малиот Јасин треба да ги направат следните чекори:

1 .Сите заинтересирани мора да бидат на возраст од 17 до 50 години.
2 Заинтересираните мора да поседуваат здравствено осигурување.
3 Заинтересираните не смеаат да бидат хронично болни.
4 Заинтересираните треба да потпишат согласност со кој ќе влезат во централен регистар за коскена срж во Македонија а воедно и во Светот.
5 Да се регистрираат во надлежните институции:
Македонија: Институтот за имунолошки испитувања кој се наоѓа во Државна болница во Скопје
Германија: www.dkms.de
Швајцарија: http://www.blutspende.ch
Австрија: https://stammzellspende.at

За останатите држави можете да се информирате во локалните места каде што живеете. Се што треба е да се достави примерок од крвта и со самото тоа сите стануваме потенцијални донатори и шансите да спасиме нечиј живот се многу големи. Семејството однапред благодари на хуманите граѓани!

“ Хуманитарна акција ” во Октиси заедно со фондот “ Зекат “

Како што е познато во Октиси има фонд „Зекат„ кој секојдневно се грижи за социјално загрозените во

нашата населба. Во ва прилика ќе упатам апел до сите октишани да не го заборавиме овој фонд и

финансиски да го потпомагаме во својата работа. Затоа и „КХД Октиси 09„ понекогаш со фондот„Зекат„

координира некој акции. И се надеваме таквите ќе ги има и во иднина.

Реклама

Асфалтирање на патот Октиси – Белица

Покрај тоа што друштвото се труди да го организира животот на нашата популација во Швајцарија, не го заборава и родниот крај Октиси. Иако работи како не партиска организација друштвото се труди да држи добри контакти со органите на власт во градот Струга,

со цел да се реализираат и некои проекти во Октиси. Па така на една манифестација 2014 година како гост го поканивме градоначалникот на Струга Зијадин Селја. На неа ни даде ветување дека ќе се асфалтира патот за Октиси.

На радост од сите нас октишани даденото ветување се исполни во пролетните месеци 2015 година. Во ова прилика изразуваме благодарност како до градоначалникот и до сите оние кои помогнаа да дојде до реализација на овој проект.

Зима 2014 / 2015

Крајот на 2014 и почетокот на 2015 ќе бидат запамтени со големи количини на снег кој се задржаа подолго време. За жал ќе се памети и по многу слабата координација за негово чистење. Се надеваме дека во иднина многу, многу подобро ќе се организираме.

“ Хуманитарна акција ” – Графоскопи

Ова 2015 година„КХД Октиси 09„ во Швајцарија хуманитарно доби на располагање 18 проектори кој потоа хуманитарно се доделија на основната школа во Октиси и основната школа во Подгорци. Се надеваме дека ова опрема ќе придонесе за поефикасно изведување на наставата.

Донацијата се состои од 18 графоскопи и тоа 11 за Октиси 7 за Подгорци со комплетна пропратна опрема за нивно функционирање. Имајќи во предвид дека графоскопот како помагало-направа се користи пред се за презентација одлучивме графоскопите беа подарени на основнито училиште во Октиси и на месната заедница во подгорци кои исто ги достави до основното училиште, а еден за потребите на месната самоуправа во Подгорци. Се надеваме дека истите ќе најдат простор и правилно бидат искористувани од занставничкиот кадар, пред се во наставно-образовниот процес, како и помогнат во прошируваење и збогатување на знаењето на нашите ученици.

Актуелности

“ Фамилјарна скара “ во Цофинген кантон Аргау (Хајтернплатз)

Една од задачите од „КХД Октиси 09„ е и зближување и организирање на животот на нашите октишани во цела Швајцарија. За таа цел на 30. Мај 2015 во Цофинген кантон Аргау се организира „Фамилијарна скара„.Оваа активност помина во една многу пријатна атмосфера на неколку фамилии. Домашните од Цофинген многу се заблагодарија за организирањето на ова активност, со желба исти да има и во иднина.

Активност за жени

По повод светскиот ден на жените 8. Март „КХД ОКТИСИ/09„ организира активност за жените во местото Оберфар во АУ кантон Санкт Галлен. Целта на оваа активност е и жените поинтензивно да се приклучат во разноразни активности и разноразни проекти кој ги организира друштвото.

Реклама

Актуелности

“ Хуманитарна забава “

Еден од главните извори за финансирање на друштвото се забавите. Затоа на 24. Јануари 2015 во една извонредно архитентонско дело сала Пенторама во Амрсвил се одржа голема забава на која традиционално како и до сега присуствуваа голем дел од нашата популација од дијаспората.

Вечера по повод Хиџриетска нова година

Друштвото се залага и за зачувување и прославување на верските празници на своите членови. Затоа на ден 01. Ноември 2014 по повод нова Хиџретска година организира за членовите фамилијарна вечера во Ау Ст. Галлен.

“Ворк-Шоп за идеи„ во Штуттгарт (Германија)

Активностите што ги организира друштвото имаат повеќекратно значење. Една таква активност се организира на 18. и 19. Октомври 2014 во Штуттгарт Германија, каде покрај релаксација со посета на Шоп центри и фудбалски натпревар се разменуваа и разноразни идеи за што поефикасно работење на друштвото.

Реклама

International University of Struga
Ezerski Lozja N-1, Struga, R. Macedonia
+389 (0) 46 786 160 | +389 (0) 71 349 805
www.eust.edu.mk | info@eust.edu.mk
www.facebook.com/ius.edu

INTERNATIONAL
UNIVERSITY OF STRUGA

5та годишна конференција на иселеничките организации

По прв пат нашето друштво присуствуваше на 5та годишна конференција на иселеничките организации во Скопје одржана на 23. и 24. Јули 2014 . На оваа конференција беа присутни организации од целиот свет. На неа нашиот прв претседател Мислим Имероски и Вадедин Имероски ја претставија досегашната работа на нашето друштво. Се водеа плодни разговори со разноразните преставници од други организации и се разменуваа искуства за понатамошна

успешна работа. Нашите застапници разговараа и со претседателот на Македонија Ѓорѓи Иванов

Ваквите средби се нормала во современиот свет каде и ние можеме да се претставиме со нешто што имаме.

“ Стара Водејнца “ – Октиси

Како што гледаме во целиот свет сите народи големо внимание посветуваат зачувување на културните богатства со отворање на музеи. За жал нашата популација се уште не е свесна колкаво е значењето да се отвори музеј.

Сепак надеж и пример треба да ни е нашиот соселанец Томор Цаноски кој со „Стара Водејнца“ ни укажува што значи носталгија и чување на нашата култура. Бидејќи новоотворениот објект покрај ресторант е и една музејска збирка на нашето културно богатство. Друштвото КХД ОКТИСИ/09 му се заблагодарува за ова дело и му пожелува успешна работа.

Реклама
Dooel "IDRIS-KOM" LABUNIŠTA
ZLATARA
DIJAMANT
Struška čaršija STRUGA
Bajram Bajramoski
075/423-940

Majel GmbH
Generalunternehmung

Diepoldsaustrasse 33a | CH-9443 Widnau

Haben Sie Fragen?
info@majel.ch

Mobile
+41 76 437 32 43

Telefon
+41 71 730 01 36

Creative Immobilien GmbH

G&P Architektur
Architektur+Baurealisation

PLANBAU
Generalunternehmen

Majel GmbH
Generalunternehmung

Diepoldsaustrasse 33a | CH-9443 Widnau

Haben Sie Fragen?
info@majel.ch

Mobile
+41 76 437 32 43

Telefon
+41 71 730 01 36

Creative Immobilien GmbH

G&P Architektur
Architektur+Baurealisation

PLANBAU
Generalunternehmen

Октишанецот Бени “THE DOG” Османоски светски шампион во К–1

На ден 11.10.2014 Бени „THE DOG” Османокси во борбата што се одржа во Бил (Швајцарија) го победи со нокаут во 4та рунда светскиот шампион од Унгарија.Со таа победа постана„ Светски шампион во К-1 до 83кг„. Не изминаа 2 недели, на 25 октомври Бени доби многу важна покана да учествува на турнирот познат како „SuperCombat“ во „Final 8 Best in the World“ до 86кг. кој беше одржан во градот Женева во Швајцарија. На тој турнир се бореше против еден од најуспешните тешкаши во светот Лорен Јавиер од Шпанија.

Иако во претходната борба за светски шампион се здоби со повреди на ребрата Бени ја прифати понудата да боксува против потешкиот противник. За жал борбата ја изгуби на поени

На ден 05.04.2015 се одржа уште една борба во градот Луцерн (Швајцарија) каде што Бени го предизвика на италијанецот европски шампион од организацијата „WPKCA Professional K-1„.

Борбата се одржа и се славеше победа каде што противникот во 1 рунда беше нокаутиран. На тој начин Бени по 4ти пат стана европски шампион и тоа во четири различни организации.

После летните одмори на 3.10.2015 во градот Бил ќе ја брани светската титула.



Исто така во Декември (датумот не се знае точно) Бени ке се бори на најпознатата „MIX FIGHT GALA„ која ќе биде во живо пренесувана на Еуроспорт. До декември можно е да има и непланирани борби за кои ке бидете информарани ако го следите на профилите на Facebook и Instagram каде што ке најдете подетални информации.

Преку „Октишки глас„ Бени „THE DOG" Османоски ги поздравува на сите, а посебно специјален поздрав до сите млади деца да се бават со спорт. Боксот да го гледаат како и секој друг спорт затоа што не е ништо поопасно од другите спортови. Секој што има срце и талент треба да го следи својот талент без разлика во кој спорт.

Исто и јавно изјавува дека кој што има желба за кикбокс и кој што живее во Швајцарија или додека е на одмор во Македонија, може да го побара ако сака да му пренесе нешто од неговите вештини и со тоа да придонесе и други да бидат успешни на кикбокс сцената.

„КХД Октиси 09„ на нашиот соселанец му пожелува здравје и понатамошен успех во својата кариера.

Лов

Ловот е еден од најзастапените спортови во с. Октиси. Голем број од нашето население во слободно време се занимава со овој спорт. Кога зборуваме за ловот поточно се подразбира размена на искуства, запознавање на нашата средина и околина, запознавање на животни кој ги опфаќа овој спорт, нивна заштита и пред се дружењето кое нема да го најдете во другите спортови.

Како и во другите спортови и ловот си има свои правила, на пример има одредено време кога се пушта ловот и кога завршува. Исто така одредено е времето на животните кои се може да се ловат и секој ловџија треба да е добро запознаен и да знае во кое време што треба да се лови.

Со тоа се постигнува тој вид на животни да не дојде до катастрофално требење. Ловец треба да има грижа на совест и почитување према животните така и према другите групи на ловџии а не да биде од оние кои имаат голема жед на крв, месо и глад.

Со дивите животни стопанисува Р. Македонија и тие се нејзина сопственост. На нашето подрачје како и во цела Македонија забрането е следново:

1. Одгледување и размножување на диви животни (освен ако на некој вид му се заканува изумирање)
2. Чување на диви животни во заробеништво
3. Трговија на диви животни
4. Убивање на загрозен вид
5. Строго почитување на одреденото време за лов

и многи други забрани и правила кои можете да ги најдете на интернет на страницата од министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство по секторот за шумарство и лов.

Може да се напомене дека во нашиот крај на нашата планина Јабланица најзастапени диви животни се следните: Зајак, Лисица, Куна, Срна, Волк, Мечка, Дива свиња, Дива коза и Еребица.Ако сакате викендот да го поминете добро, да слушнете некоја случка, добро да се релаксирате и расположите во нашите природни убавини на планината Јабланица тогаш е обврска да се придрижите на една добра група на ловџии кои ги има во поголем број во нашето село Октиси и кои имаат долгогодишно искуство на нашиот терен.

Риболов

Оваа година како и другите години нашите риболовци Јашар Оџоски, Шебрит Рахманоски и Шабан Муратоски на боденското езеро во Роршах во слободно време како хоби веќе 12 години се занимаваат со риболов. Боденското езеро има неколку врста на риба и тоа крап, сом, јагула, пастрмка, ели, пласки и друго. Кога се планира да се лови крап екипата оди два до три дена пред време го храни со варена пченка, па потоа се оди на ловење објасна екипата. Јагулата се лови во ноќните часови пред да заврe дожд. Штуката и пастрмката се ловат на мамец во вид на риба или со жива мала плашливка. Оваа година најголемата уловена риба имаше 15 кг.

ФК ОКТИСИ – СПОРТ

После основањето и учество од полу-сезона, минатата целосна сезона фудбалскиот клуб ја заврши со успех, завршувајќи на третата позиција во општинската лига.

ТАБЕЛА						
		К	П	Н	И	ГР	Б
1	ФК Делогожда	16	12	2	2	47:17	38
2	ФК Корошишта	16	11	3	2	46:17	36
3	ФК Октиси-Спорт	16	10	2	4	40:16	32
4	ФК Враништа	16	10	2	4	35:27	32
5	ФК Белица	16	7	3	6	34:28	24
6	ФК иднина Боровец	16	5	0	11	35:49	15
7	ФК Морнар	16	3	4	9	22:46	13
8	ФК Драслајца	16	3	1	12	18:47	10
9	ФК Ложани	16	2	1	13	17:47	7

К = одиграни П = победи Н = нерешени И = порази ГР = гол разлика Б = бодови

Интервју

АРМИН: Како сте задоволни од изминатата сезона?

РАИФ: Јас како тренер и раководството сме задоволни од резултатите на клубот, со оглед на тоа дека ова ни беше прва целосна сезона, како и тоа дека се работи за екипа во која голем број од фудбалерите се млади.

АРМИН: Кои моменти би ги издвоиле од изминатата сезона?

РАИФ: Утакмицата со ФК Делогожда на домашен терен, фудбалерите ја одиграа максимално пожртвувано и борбено давајќи го својот максимум за што зборува и резултатот кој заврши во наша добивка со победа од 3-2. Исто би ги издвоил и утакмиците со ФК Иднина од Боровец на домашен и гостински терен кои завршија со убедливи победи од 5-2 дома и 1-3 во гости.

АРМИН: Кои се причините поради кои не успеавте да завршите на една од првите две позиции кои водат во бараж за регионалната југо-западна лига?

РАИФ: Би ја издвоил утакмицата со ФК Корошишта која ја одигравме на домашен терен која директно одлучуваше за втората позиција на табелата, а таа утакмица заврши со пораз за нас со резултат од 0-1. Јас како тренер сум задоволен од залагањето на целата екипа на тој натпревар, меѓутоа спортот е таков и не секогаш подобриот победува. Во сите 90 минути бевме подобар противник со голем број шанси, но сепак спортската среќа тој ден не беше на наша страна.

АРМИН: Каква е моменталната состојба со услови за функционирање на клубот , како и финансиската состојба?

РАИФ: Со оглед на тоа што ние како клуб немаме сопствен стадион што ни ја отежнува работата за подобро функционирање, минатата сезона како домаќини ја одигравме на туѓ терен (стадион на ФК Велешта). Како што изгледа моменталната состојба со започнатиот стадион најверојатно и наредната сезона утакмиците како домаќини ќе мора да ги одиграме на туѓ терен. На самиот почеток од формирањето на клубот меѓу симпатизерите имаше голем интерес и спортска еуфорија што резултираше и со добра финансиска ситуација во клубот. Бројот на членски книшки како еден од изворите на финансии беше голем што многу помогна во функционирањето на клубот. Како одминува времето бројот на членски книшки е се помал а со тоа се отежнува и самото функционирање на клубот.

АРМИН: Кои ви се плановите за во иднина ?

РАИФ: Со самото формирање на клубот јас како тренер и раководството сакавме фудбалот во Октиси да заживее и да го подигнеме на едно повисоко ниво. Во голема мера и успеавме во тоа, што говори и фактот дека кај нас почна да функционира и младинската школа на цело со тренерот Исо Цаноски , и се поголем број на млади лица се заинтересирани и вклучени во функционирањето на клубот. Исто би напоменал дека дел од фудбалерите кои се во клубот заедно со мене учествувавме на неколку турнири од кои би ги издвоил турнирот во Корошишта каде го освоивме првото место, како и турнирот во Лабуништа каде бевме поразени во финалето и го освоивме второто место. Секоја наредна сезона за нас е цел подобар пласман и доколку ни се пружи прилика и учество во регионалната југо-западна лига.

На Раиф Мирселоски му благодариме за интервјуто, а на фудбалскиот клуб ОКТИСИ-СПОРТ му посакуваме многу успеси.

ФЦ ОКТИСИ – Санкт Маргретхен

Реорганизација на „ФЦ ОКТИСИ 09„ – 2015/2016

Во зимата кадарот на „ФЦ ОКТИСИ 09„ комплетно се повлече од функција. Меѓу многуте оставки на играчи, тренер и спортски директор мораше сосема нов тим за сезоната 15/16 да се оформи. За нов тренер ќе преземе Адем Фазлиу и тоа заедно со Суат Мевмедоски. Суат во исто време ќе ја превземе функцијата на спортски директор.

После неколку месеци напорна работа за новата сезона успешно се формира тим со 25 играчи. Во формирањето на тимот Суат без обзир на потеклото бараше играчи, но може да се каже дека мнозинство доаѓа од селото Октиси. Така, имаме тим со многу млади играчи кои имаат мотивација за постигнување на целта на фудбалскиот клуб.

Главната цел за сезоната останува иста како пред 6 години => да се игра во 4та лига. Оваа цел без нашите фанови е невозможна, па се надеваме оваа сезона да има што повеќе навивачи кои ке ни даваат ментална поддршка во игрите.

Турнир во мал фудбал

Традиционално „ФЦ ОКТИСИ 09„ организира минатата година турнир во мал фудбал во спортската сала “Аегетен“ во местото Виднау (Швајцарија). На турнирот се пријавија 60 екипи. Овој турнир е во регионот еден од најголемите и најпознатите турнири. Во споредба со претходните турнири, може да се каже дека оваа година квалитетот на турнирот беше подобар од минатиот. Тоа ни укажува дека дури и екипи од Цирих, Аргау и Австрија учествуваа на турнирот. Подготовките за следниот турнир во мал фудбал во месец Декември 2015 година се во тек. Подетални информации можете да најдете на www.fcoktisi.ch.

КХД ОКТИСИ / 09 – ИНФО

Како се финансира друштвото

Друштвото се финансира со:

- членарина
- доброволни прилози, поклони, спонзорства
- добивки од активности

Не постои намера за финансиска и материјална добивка.

Како да станеш член или донатор

Членството во КХД ОКТИСИ/09 е доброволно. Членството е зависно од уплатената членарина во тековната година. Висината на членаринатa се одредува годишно на годишното собрание од секој огранок.

Членаринатa оваа година изнесува 100 - швајцарски франци.

Само со ваша поддршка од вашето членоство или донација можеме да реализираме многу проjекти и да поддржиме загрозени лица и фамилии. Сакате и вие да го поддржите друштвото „ КХД ОКТИСИ/09„ на пример со една донација или со членство?

За уплата на членарина и донација ве молиме да ја користите жиросметката на друштвото.

Kultur - Humanitärer Verein OKTISI/09
Postfach 251
9401 Rorschach

ИБАН:	CH41 0078 1605 4811 0200
БАНКА:	St.Galler Kantonalbank
БИЦ:	KBSGCH22
БРОЈ НА ЖИРО СМЕТКА:	90-219-8

ЗАЕДНО СМЕ ПОЈАКИ !!!

КХД ОКТИСИ / 09 – КОНТАКТ

Функција	Работна група	Лични податоци	Тел. Број и Е-Маил
Претседател	Раководство на друштвото и соработка со сите групи	**Emir Dervishoski** Bahnhofstrasse 12a CH-9430 St. Margrethen	+41 76 401 83 01 emir.dervishoski@khdoktisi09.ch
1. Зам. Претседател Советник	Редакција Списание Октишки Глас	**Zuber Asanoski** Zehntfeldstrasse 14 CH-9443 Widnau	+41 79 787 73 84 zuber.asanoski@khdoktisi09.ch
2. Зам. Претседател Советник	Хуманитарна помош	**Asim Mustafoski** Hirschalde 8 CH-8590 Romanshorn	+41 76 396 84 05 asim.mustafoski@khdoktisi09.ch
Одборник	Хуманитарна помош	**Asan Asanoski** Zehntfeldstrasse 14 CH-9443 Widnau	+41 79 669 29 17 asan.asanoski@khdoktisi09.ch
Секретар	Администрација и Мултимедија	**Shaban Dervishoski** Sandgasse 4 AT-6850 Dornbirn	+43 676 763 0868 shaban.dervishoski@khdoktisi09.ch
Благајник	Благајна и организација на активности и проекти	**Sejat Dervishoski** Wiesenstrasse 30a CH-9430 St. Margrethen	+41 78 889 22 63 sejat.dervishoski@khdoktisi09.ch
Одборник	Организација на активности и проекти	**Reshat Dervishoski** Adlerstrasse 16 CH-9463 Oberriet	Mobile. +41 79 709 94 22 reshat.dervishoski@khdoktisi09.ch
Одборник	Организација на активности и проекти	**Etem Shajnoski** Kastanienstrasse 4 CH-9444 Diepoldsau	+41 79 635 88 42 etem.shajnoski@khdoktisi09.ch
Одборник	Организација на активности и проекти	**Jonuz Mirseloski** Neustrasse 26 CH-8590 Romanshorn	+41 76 589 14 44 jonuz.mirseloski@khdoktisi09.ch
Одборник	Организација на активности и проекти	**Asim Asanoski** Alleestrasse 49 CH-8590 Romanshorn	+41 79 457 02 05 asim.asanoski@khdoktisi09.ch
Кандидат за одборник	Организација на активности и проекти	**Ismail Ademoski** St. Gallerstrasse 91a CH-9320 Arbon	+41 76 819 12 66 ismail.ademoski@khdoktisi09.ch
Одговорен за Октиси (Македонија)	Организација и соработка со одборот од Швајцарија	**Elvir Kalchinoski** MK-6339 Oktisi	+389 71 371 519 elvir.kalchinoski@khdoktisi09.ch

Профил на списанието

ОКТИШКИ ГЛАС„ е локално едногодишно списание. Неговото издавање има повеќекратно значење.

1. Прво и најзначајно е издигнување на свеста за значењето на еден од најголемите благодети „пишуваниот збор„

2. Да се запише во текот на една година све
позначајно што се случува во нашата популација од областа на науката, економијата, организираноста, културата, литературата, екологијата и друго.

Податоци за списанието

Издава	Kultur- Humanitärer Verein OKTISI/09 Културно Хуманитарно Друштво ОКТИСИ/09
Адреса	Postfach 251, CH-9401 Rorschach/SG, Switzerland
Е-Маил	info@khdoktisi09.ch
Интернет	www.khdoktisi09.ch
Банкарска сметка	Сопственик: Kultur Humanitärer Verein OKTISI/09 ИБАН: CH41 0078 1605 4811 0200 0 Банка: St.Galler Kantonalbank БИЦ: KBSGCH22 Сметка: 90-219-8
Публикација	годишно
Цена	бесплатно
Просечен тираж	1000
Печати	De Print Струга

Контакт

	Тел. Број	Е-Маил
Главен Редактор (Швајцарија)		
Зубер Асаноски	+41 79 787 73 84	zuber.asanoski@khdoktisi09.ch
Маркетинг & Редакција (Швајцарија)		
Емир Дервишоски	+41 76 401 83 01	emir.dervisoski@khdoktisi09.ch
Маркетинг – Реклама (Македонија)		
Зулал Дервишоски	+389 70 562 692	zulal.dervishoski@khdoktisi09.ch
Елвир Калчиноски	+389 71 371 519	elvir.kalchinoski@khdoktisi09.ch
Редакција (Македонија)		
Армин Ибушоски	+389 70 566 777	armin.ibushoski@khdoktisi09.ch

Kultur - Humanitärer Verein OKTISI / 09 | Postfach 251 | CH-9401 Rorchach

ИБАН: CH41 0078 1605 4811 0200 0
БАНКА: St.Galler Kantonalbank БИЦ: KBSGCH22 ЖИРО СМЕТКА: 90-219-8